# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.8/2016

## 02.09.2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2016 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/1
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на Р.М„ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2016 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина НЕГОТИНО во областа на социјалната заштита во 2016 година се предлагаат следниве измени
Во табелата Буџет за реализација на програмата:
Во точка 6 „ Продолжување на функционирање на игрални за деца од предучилишна возраст во рурални средини во колона 5 се додават зборовите “ хонорари за асистенти 6500 x 7 x 5 месеци =227.500 ден”, а вкупниот износ од 1.721.000 се заменува со износ од 1.948.500 ден. Истиот текст се додава и во колона 6 каде што износот од 1.721.000 се заменува со износ од 1.948.000 ден.
Точка 9 се менува и гласи – колона 2„ Дневен центар за стари лица во с.Тимјаник“, колона 3 „ангажирање на 1 лице во Дневен центар за стари лица“, колона 4 „ август-декември 2016“, колона 5 „ 1 лице X6.500 X 5 месеци = 32.500 ден., колона 6 се внесува износ од 32.500 денари.
Во точка 11 – Вкупно, во колона 5 износот од 4.673.000 се заменува со износот 4.620.500 ден., во колона 6 износот од 4.221.000 се заменува со износ од 4.471.500 ден. а во колона 7 износот од 462.000 ден. се заменува со износ од 150 000 ден.

Во делот ФИНАНСИРАЊЕ од истата програма сумата од 4.673.000,00 денари вкупно,се заменува со сумата од 4.620.500 денари. Сумата од 4.211 000 – средства од Буџетот на општина Неготино се заменува со сумата 4.471.500 ден. Во колона 7 износот од 462.000 – други извори се заменува со износ од 150 000.

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино**“.**

Бр.08_272/6
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/2
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 и 25/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011, 16/2012 и 16/2014), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година се врши следната измена:

Во дел 4 „ ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА" се додава нова точка 4.25 која гласи „ Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура се во градежната парцела на корисникот или под или над објектите кои планира да ги гради, трошоците за нивна дислокација паѓаат на товар на корисникот на земјиштето, а дислокацијата може да се изврши по добиена согласност и мислење од соодветниот стопански субјект кој стопанисува со инфраструктурата".

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08_272/8
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/3
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Средното општинско училиште „ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки во 1(прва) година со помал број на ученици предвиден со Законот за средното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/3
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинцур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/4
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Основното општинско училиште „ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки и комбинирани паралелки со помал број на ученици предвиден со Законот за основното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/4
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/5
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Основното општинско училиште „ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки и комбинирани паралелки со помал број на ученици предвиден со Законот за основното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/5
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Горни Дисан**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во населеното место Горни Дисан, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/6
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 6 став 2 и став 3 од Законот за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.61/04; 64/05; 92/07 и 123/12) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14)), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Горни Дисан**

Член 1

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателитна електрични броила во населеното место Горни Дисан во делот од селото каде што нема инсталација на улично осветлување.

Член 2

На имателот на броило за мерење на електрична енергија во населеното место Горни Дисан во делот од селото каде што нема инсталација на улично осветлување ќе му биде издадена потврда од општина Неготино доколку преходно достави барање до општината со приложена фактура доставена од ЕВН КЕЦ Кавадарци за броилото монтирано на својот објект, доказ за редовно плаќање на потрошената електрична енергија за последните шест месеци, како и имотен лист како доказ за сопственост на објектот.

Член 3

Одлуката ќе ја спроведе ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставување на потврда од страна на општина Неготино за физички лица како баратели/сопственици на броила за мерење на електрична енергија во делот од населеното место Горни Дисан каде што нема инсталација на улично осветлување.

ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставувањето на потврда од страна на општина Неготино е дожна да води евиденција на корисниците на електричните броила од горенаведената дел од селото.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе б иде објавена во „Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/9
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-ниски температури во периодот март-април 2016 година во општина Неготино**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-ниски температури во периодот март-април 2016 година во општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/7
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година ја усвои следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-ниски температури во периодот март-април 2016 година во општина Неготино.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/11
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-поплава во месец август 2016 година во општина Неготино.**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-поплава во месец август 2016 година во општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/8
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година ја усвои следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода- поплава во месец август 2016 година во општина Неготино.
. 2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/12
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2016 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/9
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Од методо да ја земам и залепам

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила**

Се објавува Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/10
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), постапувајќи по барањето на Трговското друштво И СКУ ГРЕЕН ДООЕЛ Скопје, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**По однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила**

Член 1

На Трговското друштво И СКУ ГРЕЕН ДООЕЛ Скопје се дозволува привремено вршење дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила за период од пет години, на Кп.бр.3047 во КО Тремник.

Горенаведеното трговско друштво заради продолжување на обавување на горенаведената дејност на оваа локација, е должно да поведе иницијатива за усогласувањето на урбанистичко-планска документација на општина Неготино за горенаведената парцела.

Член 2

Овој заклучок влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавен во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_272/10
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на парична помош поради елементарна непогода пожар**

Се објавува Решението за доделување на парична помош поради елементарна непогода пожар, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/11
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош поради елементарна непогода-пожар**

Член 1
Се доделува еднократна парична помош во износ од 20.000,00 денари на лицето Валентина Ташева од Неготино за санирање на штетата на семејната куќа во Неготино на ул.„29 Ноември“ 71, настаната од елементарна непогода _ пожар.

Член 2
Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/14
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на финансиска помош**

Се објавува Решението за доделување на финансиска помош, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/12
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

На Здржението за медиумско покривање на руралниот регион РУРАЛЕН ФОКУС од Кавадарци за реализација на Програмата за работа на здружението во сферата на медумската промоција на културните вредности во руралните средини од регионот и на останатите сегменти од оваа програма, се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08_272/15
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за разрешување и именување на 3 ( тројца) членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште „ Свети Кирил и Методиј„ Неготино**

Се објавува Решението за разрешување и именување на 3 ( тројца) членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште „ Свети Кирил и Методиј„ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/13
02.09.2016

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 88 став 5 од Законот за средното образование („ Сл.весник на РМ„ бр.44/95...24/13) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на 3 ( тројца) членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште „ Свети Кирил и Методиј„ Неготино**

1. Од членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште„ Свети Кирил и Методиј„ како преставници од основачот -општина Неготино, се разрешуваат:

**_ Радица Трајкова**
**_ Васко Ангелов**
- **Горан Бојков**

2. За членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште„ Свети Кирил и Методиј„ како преставници од основачот -општина Неготино се именуваат

**-Надица Мицова**
**- Јане Томов**
**- Марина Бојаџиева**

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/16
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за разрешување и именување на 1 ( еден) член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

Се објавува Решението за разрешување и именување на 1 ( еден) член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.08.2016 година.

Бр.09_286/14
02.09.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....49/06) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 , 9/1, 16/12 И 16/14)1), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.08.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на 1 член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

Член 1

**Никола Ќимов** се разрешува како член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино, а се именува **Коце Јованов.**

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_272/17
30.08.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 8/2016


1. Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2016 година Стр.1

2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита во 2016 година Стр.2

3. Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година Стр.3

4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на СОУ,, Св.Кирил и Методиј,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.5

6. Одлука за давање на согласност на СОУ,, Св.Кирил и Методиј,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ,, Страшо Пинџур,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.7

8. Одлука за давање на согласност на ООУ,, Страшо Пинџур,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.8

9. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ,, Гоце Делчев,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.9

10. Одлука за давање на согласност на ООУ,, Гоце Делчев,, Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.10

11. Заклучок за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во населеното место Горни Дисан
Стр.11

12. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување на имателите на електричните броила во населеното место Горни Дисан Стр.12

13. Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-ниски температури во периодот март-април 2016 година во општина Неготино
Стр.13

14. Одлука за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-ниски температури во периодот март-април 2016 година во општина Неготино Стр.13

15. Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-поплава во месец август 2016 година во општина Неготино Стр.14

16. Одлука за усвојување на Извештајот за утврдување и проценка на штетите од елементарната непогода-поплава во месец август 2016 година во општина Неготино Стр.14

17. Заклучок за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2016 година Стр.15

18. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2016 година Стр.16

19. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила
Стр.17

20. Заклучок по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање на секундарни суровини, третман на искористени гуми и третман на искористени возила Стр.18

21. Заклучок за објавување на Решението за доделување на парична помош поради елементарна непогода пожар Стр.19

22. Решение за доделување на парична помош поради елементарна непогода пожар
Стр.19

23.Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиска помош Стр.20

24.Решение за доделување на финансиска помош Стр.20

25.Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на 3 ( тројца) членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште „ Свети Кирил и Методиј„ Неготино Стр.21

26.Решение за разрешување и именување на 3 ( тројца) членови на Училишниот одбор на општинското средно училиште „ Свети Кирил и Методиј„ Неготино Стр.22

27.Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на 1 ( еден) член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ НеготиноСтр.23

28.Решение за разрешување и именување на 1 ( еден) член на Управниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино Стр.23